

# Извештај за азил 2023 година

## Извршно резиме

Извршно резиме

2023

© Агенција за азил на Европската Унија (ААЕУ), 2023

Ниту Агенцијата за азил на Европската Унија (ААЕУ) ниту кое било лице кое дејствува во име на ААЕУ не сноси одговорност за можното користење на информациите кои се содржани во оваа публикација.

Насловна фотографија: Adobe збирка #457573540

Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската Унија, 2023 година

PDF ISBN 978-92-9403-244-7 doi: 10.2847/172522 BZ-AH-23-001-MK-N ISSN 2600-3171

Репродукција е овластена доколку се признае изворот. За каква било употреба или репродукција на фотографии или друг материјал што не спаѓа под авторското право на ААЕУ, дозвола мора да се бара директно од носителите на авторското право.

EUROPEAN UNION AGENCY FOR ASYLUM

# Извештај за азил 2023 година

## Годишен извештај за состојбата со азилот во Европската Унија

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

јули 2023 година

# Предговор

Меѓународната и привремената заштита останаа во преден план на политичките дискусии во текот на 2022 година, со комбинирана бројка од 5 милиони лица кои бараат заштита пристигнувајќи во Европа. Вкупниот број го вклучува бројот на барања за азил кој се искачи на речиси 1 милион, како дополнение на преку 4 милиони регистрации за привремена заштита од луѓе кои бегаат од војната во Украина. Секако, големината на приливот беше тест за националните системи за азил и прифат до нови размери, а ЕУ+ земјите беа соочени со изнаоѓање брзи, но сепак остварливи решенија.




Случувањата на полето на меѓународната заштита во 2022 година ја истакнаа важноста од воспоставување ефикасна заштитна архитектура со учество на повеќе засегнати страни. Како што е претставено во овој извештај, институциите на ЕУ продолжија со своите заложби за унапредување на реформата на Заедничкиот европски систем за азил (ЗЕСА) и дополнително поттикнување на практичната соработка меѓу ЕУ+ земјите врз основа на солидарност и одговорност. Тие, исто така, имаа водечка улога во развојот на координиран европски одговор на потребите на раселените лица од Украина.

За да се справат со постојните и новите потреби, ЕУ+ земјите одговорија со прилагодување на политиките и практиките, доделување на дополнителни ресурси и спроведување промени во законодавството. Многубројните позитивни случувања треба да се ценат и слават. Но, во светот на многу променливи модели на миграција и азил, нема време за поплаки, а научените лекции во 2022 година треба да послужат како катализатор за понатамошно усовршување. Брзото активирање и продолжување на привремената заштита покажа дека ефективното законодавство и планирање за вонредни состојби, заедно со широката политичка волја, може да доведат до брзи одговори на хуманитарни кризи; обезбедување предвидливост и стабилност на корисниците; како и поттикнување усогласување на практиките низ неколку земји. Поважно е што одговорот на ЕУ во заштитата на раселените лица од Украина може да го отвори патот за водење на системот за азил на ЕУ како целина преку слични изрази на солидарност и споделена одговорност.

По цела година функционирање со засилен мандат, ААЕУ ја затвори 2022 година со невиден број оперативни планови за да обезбеди оперативна и техничка помош, првенствено на земјите членки кои имаат непропорционален притисок врз нивните системи за азил и прифат. Како што е наведено во Регулативата на ААЕУ, новата програма за работа на Агенцијата ќе продолжи да се развива во текот на наредната година. Новоназначениот службеник за основни права на ААЕУ ќе се погрижи операциите на Агенцијата да продолжат целосно да се придржуваат до основните права, службениците за врски во земјите членки дополнително ќе ја калибрираат

соработката со државните органи, додека Механизмот за следење ќе започне на почетокот на 2024 година со цел да помогне во усогласувањето на практиките низ ЕУ. Одржувајќи го својот статус како центар на експертиза за азил, Агенцијата ќе продолжи да има клучна улога во европските напори за обезбедување заштита на оние на кои им е најпотребна.



Нина Грегори
Извршен директор
Агенција за азил на Европската Унија

# Содржина

**Предговор** ... **5**

**Содржина** ... **7**

**Вовед** ... **8**

**1. Глобални случувања во областа на азил** ... **9**

**2. Поголеми случувања во областа на азилот во Европската Унија** ... **10**

**3. Поддршка на ААЕУ во 2022 година** ... **13**

**4. Функционирање на Заедничкиот европски систем за азил** ... **15**

4.1. Пристап до процедури ... 15

4.2. Даблинска постапка ... 17

4.3. Посебни постапки за проценка на потребите за заштита ... 18

4.4. Обработка на барања за азил во прв степен ... 18

4.5. Обработка на барања за азил во втор степен или повисока инстанца ... 20

4.6. Случаи за кои се очекува одлука ... 20

4.7. Прифат на баратели на меѓународна заштита ... 21

4.8. Аспекти на притвор кои вклучуваат баратели и поранешни баратели ... 21

4.9. Пристап до информации ... 22

4.10. Правна помош и застапување ... 22

4.11. Услуги за толкување ... 23

4.12. Информации за земјата на потекло ... 23

4.13. Бездржавјанство во контекст на азил ... 24

4.14. Содржина на заштита ... 24

4.15. Раселување и хуманитарни прифати ... 26

**5. Деца и лица со посебни потреби во постапката за азил** ... **27**

**Завршни белешки** ... **29**

# Вовед

Како главен извор на информации за меѓународна заштита во Европа, годишниот Извештај за азил на ААЕУ дава сеопфатен преглед на клучните случувања со азилот во земјите членки на Европската Унија, Исланд, Лихтенштајн, Норвешка и Швајцарија (ЕУ+ земји).

Почнувајќи со краток преглед на трендовите и клучните теми на дискусија околу присилното раселување на глобално ниво, извештајот конкретно е посветен на контекстот на Европа. Клучните случувања се претставени на ниво на ЕУ и на национално ниво, покривајќи ги сите аспекти на Заедничкиот европски систем за азил (ЗЕСА). Претставена е избрана судска пракса со цел да се илустрира како судовите го обликувале толкувањето на европските и националните закони. Дополнително, статистиката за клучните индикатори ги истакнува трендовите во областа на азилот во 2022 година.

ЕУ+ земјите беа соочени со исклучителен број лица на кои им беше потребна заштита во 2022 година како резултат на наглото зголемување на барањата за азил поднесени во Европа, заедно со принудното раселување на милиони лица од Украина по руската инвазија. Земајќи ги предвид овие случувања, ЕУ и нејзините земји членки мобилизираа исклучително голем број ресурси за да одговорат на растечките потреби за заштита.

# 1. Глобални случувања во областа на азил

Зголемените нивоа на конфликти и кршење на човековите права во текот на изминатата деценија продолжија и во 2022 година. Комбинацијата на кризи, вклучувајќи нови и тековни конфликти, климатски шокови, геополитички немири, насилство и прогон, доведоа до тоа милиони лица да ги напуштат своите домови во 2022 година. Руската инвазија на Украина предизвика една од најбрзите и најголемите кризи со принудно раселување после Втората светска војна.

Други постоечки, продлабочени ситуации на раселување низ светот опстојуваа или се зголемија, притоа зголемувајќи го бројот на раселени лица на глобално ниво на историски највисоки нивоа во 2022 година, достигнувајќи приближно 103 милиони, како што проценува Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите Нации (УНХЦР). Сериозни влијанија врз цивилното население беа забележани во Авганистан, Буркина Фасо, Централноафриканската Република, Демократска Република Конго, Етиопија, Мозамбик, Мјанмар, Никарагва, Северниот триаголник на Централна Америка (Гватемала, Ел Салвадор и Хондурас), Регионот Сахел, Сирија и Венецуела.

Наспроти ова, меѓународната заедница продолжи со заложбите за развивање решенија за луѓето на кои им е потребна заштита. Преку соработка на повеќе засегнати страни, беа обезбедени ефективни заштитни одговори на лицата кои бегаат од Украина во кратки временски рамки. Во однос на меѓународната заштита, во рамките на Глобалниот договор за бегалци, меѓународната заедница продолжи да дизајнира и спроведува иницијативи кон: а) олабавување на притисокот врз земјите домаќини; б) зајакнување на самодовербата на бегалците; в) проширување на пристапот до решенија во трети земји; и г) услови за поддршка во земјите на потекло за безбедно и достоинствено враќање.

Како што засегнатите страни ширум светот продолжуваат да се осврнуваат на сложените аспекти на постојано променливите модели на раселување, дискурсот и практиката на меѓународна заштита се развиваат со цел да се приспособат на новите потреби. Клучните прашања кои останаа во центарот на вниманието во областа на азилот во 2022 година вклучуваат:

- Фокус на деца и малолетници без придружба;
- Разбирање и подобар одговор на потребите на жените и девојките во контекст на раселувањето;
- Акцент на физичкото и психичкото здравје на раселените лица како секојдневна загриженост;
- Раселување предизвикано од климата како фактор што ги генерира и ги обликува потребите за заштита ширум светот; и
- Земање предвид на прашањата за бездржавјанство во контекст на азил и интеракцијата помеѓу бездржавјанството и потребите за заштита.

# 2. Поголеми случувања во областа на азилот во Европската Унија

Руската инвазија на Украина предизвика принудно раселување од невидени размери во последните децении во Европа и предизвика дополнителен притисок врз веќе заситените системи за прифат. Влијанието на војната имаше длабоко влијание во обликувањето на миграцијата и азилот, а нормално зазема централно место во креирањето политики поврзани со заштитата на национално ниво и на ниво на ЕУ во текот на целата година.

Одразувајќи ја посветеноста на ЕУ да покаже целосна солидарност со Украина, на 4 март 2022 година Советот за правда и внатрешни работи едногласно усвои одлука за спроведување од Советот, за активирање на Директивата за привремена заштита и воспостави привремена заштита за раселените лица кои бегаат од војната во Украина. Европската комисија ја формираше Платформата за солидарност, која стана центар на координиран одговор на ЕУ. Воедно, изготви акциски план од 10 точки со мерки што треба да ги преземат Европската комисија, агенциите на ЕУ и земјите членки со цел да се одговори на потребите на луѓето кои бегаат од војната во Украина.

По одлуката на Советот во март 2022 година, земјите на ЕУ продолжија со примена на одлуката за спроведување од Советот преку воведување релевантни процедурални и прифатни аранжмани, организирање информативни кампањи и давање пристап до права за лицата кои бегаат од Украина. Активирањето и практичното спроведување на Директивата за привремена заштита овозможи јасен правен статус на лицата кои бегаат од војната во Украина и систематски пристап до придружните права.[i]

Со активна работа на францускотo и чешкото претседателство на Советот на ЕУ и под координација на Европската комисија, во 2022 година беше постигнат значителен напредок кон унапредување на реформскиот пакет вклучен во Пактот за миграција и азил и унапредување на практичната соработка меѓу ЕУ+ земјите. Како резултат на тоа, во јуни 2022 година, Советот усвои преговарачки мандати за Регулативите за скрининг и Евродак, како и негов општ пристап кон предлогот за ревизија на Шенгенскиот граничен кодекс. Исто така, 21 земја постигнаа договор за спроведување на Механизмот за доброволна солидарност, отворајќи го патот за понатамошен напредок кон Регулативата за управување со азил и миграција. Механизмот предвидува изразување солидарност кон земјите членки кои се изложени на посебен притисок врз нивните системи за азил и прифат преку раселувања, финансиски придонеси и други мерки на поддршка.

На ниво на Европскиот парламент, во 2022 година, известувачите презентираа нацрт извештаи за сите законски предлози вклучени во Пактот за миграција и азил и за преработената Директива за враќање. Во септември 2022 година, Парламентот и ротирачките претседателства на Советот на ЕУ постигнаа политички договор за

[i] За детален преглед на активностите преземени од ЕУ+ земјите во спроведување на привремената заштита за луѓето кои бегаат од Украина, видете го изданието на ААЕУ: Обезбедување привремена заштита на раселените лица од Украина: Годишен преглед.

заеднички план за преговори меѓу ко-законодавците со цел да се усвојат законските предлози пред крајот на законодавниот период од 2019-2024 година.

Ефективното управување со надворешните граници и поврзаното влијание врз правилното функционирање на Шенген системот беа клучни теми на дискусија меѓу европските креатори на политики. Европската комисија претстави документ за започнување на повеќегодишна стратегија за интегрирано гранично управување која се однесува на граничната контрола; активности за пребарување и спасување; анализа на ризик; меѓуагенциска соработка, соработка со ЕУ и меѓународна соработка; враќање на државјани на трети земји со нелегален престој; основни права; истражување и иновации; и образование и обука. Беа направени и напори за зајакнување на соработката со земјите на потекло и транзит со цел справување со нерегуларната миграција.

Надворешните граници на ЕУ продолжија да се соочуваат со зголемен притисок, при што доаѓањата нагло се зголемуваат втора година по ред. Според прелиминарните податоци собрани од Фронтекс, во 2022 година биле откриени 330.000 нерегуларни гранични преминувања на надворешната граница на ЕУ, што претставува зголемување од 64% во споредба со 2021 година. Раселените лица од Украина не беа вклучени во овие бројки, бидејќи тие беа евидентирани одделно. Со цел да се справи со состојбата на надворешните граници, Европската комисија продолжи да обезбедува поддршка за најмногу изложените земји членки, нудејќи финансиска помош и оперативни одговори во координација со агенциите на ЕУ, меѓународните организации и други релевантни засегнати страни.

Европската комисија претстави два акциски планови со низа оперативни мерки за справување со непосредните и тековните предизвици долж маршрутите на Централниот Медитеран и Западен Балкан. Акцискиот план за Централниот Медитеран вклучува 20 мерки кои се дизајнирани да ја намалат нерегуларната и небезбедна миграција, да обезбедат решенија за новите предизвици во областа на операциите за пребарување и спасување и да ја поттикнат солидарноста, урамнотежена наспроти одговорностите меѓу земјите членки. Акцискиот план за Западен Балкан, исто така, опфаќа 20 оперативни мерки кои се структурирани долж пет столба. Целта е да се зајакне соработката за миграција и управување со границите меѓу ЕУ и земјите од Западен Балкан, кои имаат единствен статус како земји во процесот на пристапување во ЕУ.

Во 2022 година, ЕУ и нејзините земји членки продолжија да даваат помош преку операции за пребарување и спасување (ПИС) на луѓе и бродови во неволја во Средоземното Море. Тие вклучуваат мигранти и бегалци кои се обидуваат да стигнат до Европа, тргнувајќи на патувања кои се опасни по живот, организирани од шверцери кои користат сè поопасни тактики за да го преминат Средоземното Море. Во отсуство на општо прифатен и предвидлив механизам ширум ЕУ за настаните на ПИС, ограничувањата на тековните аранжмани и практики и понатаму беа цел на критики. За тие гласови, недостатокот на координација во активностите на ПИС, самостојно дејствување од поединечни земји и криминализацијата на невладините организации кои се вклучени во активностите на ПИС во Средоземното Море, често доведуваа до ситуации кога мигрантите беа принудени да останат неколку дена на чамци.

Во согласност со повеќедецениската традиција да се биде водечки чинител во промовирањето решенија кои се ориентирани кон заштита низ светот, ЕУ ја продолжи својата сеопфатна и заемно корисна соработка со трети земји. Активностите во рамките

на надворешната димензија на политиката за миграција и азил на ЕУ вклучуваа заложби за справување со основните причини за нерегуларната миграција; борба против шверцерски мрежи; соработка со трети земји за враќање и повторен прифат; работа со земјите партнери во насока на управување со миграцијата и границите; обезбедување поддршка за решенија за заштита во други делови на светот; и развој на правни патишта за заштита во Европа.

Во својата улога да обезбеди усогласено толкување и примена на правото на ЕУ, Судот на правдата на Европската Унија (СПЕУ) издаде повеќе од 20 пресуди во 2022 година, покривајќи теми поврзани со:

- ефективен пристап до постапката за азил;
- Даблинската постапка;
- концептот на последователно поднесување барање;
- прифатливоста на барањата за меѓународна заштита;
- правото на пристап до административно досие и значењето на соопштувањето на одлуката „во писмена форма“;
- повлекување на материјалните услови за прифат;
- обемот на притворот и судска проверка на законитоста на притворот;
- обединување на семејство кое вклучува малолетници; и
- повлекување на меѓународната заштита врз основа на национална безбедност.

# 3. Поддршка на ААЕУ во 2022 година

На 19 јануари 2022 година, стапи на сила Регулативата (ЕУ) 2021/2303 за воспоставување на Агенција за азил на Европската Унија со засилен мандат на Агенцијата. Во текот на 2022 година, Агенцијата ја докажа својата улога како центар на експертиза за азил со проширување на својата оперативна и техничка поддршка за да одговори на новонастанатите потреби. Руската инвазија на Украина генерира потреби за заштита од големи размери, а Агенцијата реагираше брзо за да понуди помош за земјите кои примаат голем број раселени лица од Украина. Како интегрален чинител во колективниот одговор на ЕУ за справување со потребите на милиони раселени лица, ААЕУ ефективно придонесе за спроведување решенија за заштита ширум Европа.

За да обезбеди информации засновани на докази за разни аудиториуми, вклучително и креаторите на политики, во 2022 година ААЕУ продолжи да прибира, обработува, синтетизира и анализира информации за одредени теми, најнови случувања, теми кои произлегуваат, како и предвидувања во областа на азилот. Обуката која е развиена и спроведена од Агенцијата ја поддржа практичната имплементација на ЗЕСА преку помагање на службениците за азил и прифат да ги подобрат своите знаења, вештини и автономија за спроведување на ефикасни и правични процедури, во согласност со стандардите на ЕУ.

Клучна област на работа за ААЕУ е да обезбеди оперативна и техничка помош, особено за земјите членки кои се соочуваат со непропорционален притисок врз нивните системи за азил и прифат. Во 2022 година, ААЕУ обезбеди оперативна поддршка на рекорден број од 14 земји членки на ЕУ: Австрија, Белгија, Бугарија, Кипар, Чешка, Грција, Италија, Летонија, Литванија, Малта, Холандија, Романија, Словенија и Шпанија. Оперативната поддршка на националните системи за азил и прифат во 2022 година опфати низа активности кои беа приспособени на специфичниот контекст и потреби во секоја земја, вклучително и поддршка за зголемување на капацитетот и квалитетот на условите за прифат, регистрација и обработка на барања во прв и втор степен, поддршка на преселбите и зголемување на квалитетот и стандардизацијата на Даблинската постапка. Истовремено, Агенцијата ги поддржа земјите членки во спроведувањето на решенија за заштита на лицата кои се раселени од Украина.

Во 2022 година, преку соработка со трети земји, врз основа на билатерални планови и регионални програми финансирани од ЕУ, ААЕУ продолжи да ја поддржува надворешната димензија на ЗЕСА. Беа имплементирани планови за билатерална соработка со Албанија, Босна и Херцеговина, Египет, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Турција, додека на регионално ниво, Агенцијата успешно спроведе активности во кои беа вклучени сите северноафрикански земји и Нигер. Со оглед на новиот мандат на Агенцијата и геополитичките случувања во областа на азилот, во март 2023 година, Управниот одбор на ААЕУ усвои ревидирана стратегија за надворешна соработка.

Регулативата на ААЕУ воведе одредби за да се осигури дека Агенцијата целосно се придржува до основните права при извршување на своите задачи. Во 2022 година, ААЕУ спроведе подготвителни активности за назначување на службеник за основни права, развој на Стратегија за основни права и воспоставување механизам за жалби, при што секое лице кое е директно засегнато од активностите на некој експерт во Тимот за поддршка за азил и кое смета дека се повредени неговите основни права поради тие активности, или пак која било страна што го застапува таквото лице, може да поднесе жалба во писмена форма до ААЕУ.

# 4. Функционирање на Заедничкиот европски систем за азил



Во поглед на нагло зголемениот број на лица на кои им е потребна заштита во Европа и заситените национални системи за прифат, во 2022 година ЕУ+ земјите спроведоа законодавни, политички и практични иницијативи со управување со променливата состојба. Во исто време, граѓанските организации, УНХЦР и други меѓународни организации изразија загриженост за одредени практики во рамки на националните администрации за азил и прифат.

## 4.1. Пристап до процедури



Во 2022 година, ЕУ+ земјите примија значително поголем број барања за меѓународна заштита отколку во претходните години. Во ЕУ+ земјите беа поднесени приближно 996.000 барања за меѓународна заштита, што претставува зголемување за околу една половина во споредба со 2021 година и за две петтини во споредба со нивото пред КОВИД-19 од 2019 година. Додека вкупниот број во ЕУ+ остана далеку под максимумот од 2015 година, бројот на барања ги надмина вредностите од 2015 година во неколку земји *(видате Слика 1)*.

Низ земјите од ЕУ+, 7 од секои 10 барања беа поднесени во Главните 5 земји приматели – имено, Германија, Франција, Шпанија, Австрија и Италија (по опаѓачки редослед). Најмногу барања поднеле државјани на Сирија, Авганистан, Турција, Венецуела и Колумбија. Додека рекордните нивоа од 2015 и 2016 година беа пред сѐ поттикнати од барањата за меѓународна заштита од лица кои доаѓаат од Сирија, Авганистан и Ирак, сегашниот пораст произлегува од многу поширок опсег на националности.

Во поглед на зголемените пристигнувања и барања, ЕУ+ земјите продолжија со напорите да обезбедат пристап до заштита, а истовремено ефикасно да управуваат со нивните граници. Следејќи ги трендовите од последните години, неколку земји членки долж границите на ЕУ воведоа посебни правила за управување со масовните пристигнувања и за прогласување вонредна состојба во конкретни ситуации. Додека целта на ваквите мерки беше да им се помогне на властите во следењето и управувањето со приливите и откривањето случаи на шверц, УНХЦР, Советот на Европа и граѓанските организации коментираа за влијанието во пракса, предупредувајќи за ризиците за правото на азил и принципот на *невраќање*.

Активирањето на Директивата за привремена заштита, исто така, предизвика промени во процесот и влијаеше на капацитетот за регистрирање барања за меѓународна заштита на различни начини, бидејќи ЕУ+ земјите мораа да регистрираат и лица на кои им е потребна привремена заштита. Ова доведе до неколку прилагодувања во процедурите за регистрација и сместување, со цел да се олесни и забрза процесот за раселените лица од Украина, што понекогаш резултираше со одложување на пристапот до постапката за барателите на азил.

## Досега највисок број на барања во 13 ЕУ+ земји

**Слика 1. Барања за меѓународна заштита по ЕУ+ земја, 2022 година**




**Забелешка:** Недостасуваа годишни податоци за Исланд. Вкупниот годишен износ беше пресметан како збир на месечни барања.
*Извор:* Евростат[migr_asyappctza, migr_asyappctzm за Исланд] заклучно со 13 април 2023 година.

## 4.2. Даблинска постапка

Во 2022 година, случувањата во насока на нов механизам за солидарност кој ќе го надополни Даблинскиот систем продолжија на ниво на ЕУ. Едногодишниот Механизам за доброволна солидарност, кој беше воспоставен од Европската комисија со договор меѓу 18 земји членки и 3 придружни земји, се смета за можност да се отвори патот за потрајно решение според предложената Регулатива за управување со азил и миграција.

Според сегашната правна рамка на ЕУ, земјите членки, Европската комисија и ААЕУ изготвија план за подобрување на спроведувањето на трансферите согласно Регулативата Даблин III во 2022 година, додека во 2023 година земјите членки почнаа да ги применуваат практичните решенија кои се дефинирани во планот за да се надминат главните пречки во извршувањето на трансферите.

Додека ограничувањата за КОВИД-19 постепено беа укинати во 2022 година, клучно прашање за даблинските единици во 2022 година беше недостатокот на персонал - делумно поради фактот што службениците за Даблинските случаи беа прераспределени да го поддржуваат пристигнувањето на лица на кои им е потребна привремена заштита - што дополнително го отежна справувањето со зголемениот обем на работа.

Според привремените податоци кои редовно се разменуваат помеѓу ААЕУ и 29 ЕУ+ земји, во 2022 година беа издадени 163.000 решенија како одговор на тековни даблински барања. Ова претставува зголемување за повеќе од две петтини во споредба со 2021 година, што резултира со највисок вкупен годишен износ од најмалку 2016 година. Севкупно, годишниот сооднос на добиени одлуки за даблински барања со поднесените барања за азил беше 16%, на исто ниво како во 2021 година. Иако некои одлуки за даблински барања се однесуваа на случаи на обединување на семејства, стабилниот сооднос на одлуките и барањата укажува на тоа дека во 2022 година зголемен број баратели на азил се преселиле од првата земја на пристигнување во друга земја за да поднесат ново барање (наведени како секундарни движења), притоа влијаејќи на обемот на случаи на азил во целина.

На ниво на држави, Германија и Франција продолжија да добиваат најмногу одлуки како одговор на нивните барања, заедно сочинувајќи над три петтини од вкупниот број од ЕУ+. Како и претходните години, Италија издаде најмногу одлуки за даблински барања. Сепак, за прв пат во историјата, Австрија и Бугарија произлегоа како втора и трета земја со најмногу одлуки, претекнувајќи ги Германија и Грција.

Во 2022 година, стапката на прифаќање на одлуките како одговор на даблински барања, која го мери уделот на одлуки со кои се прифаќа одговорност (експлицитно или имплицитно) за барање од сите издадени одлуки, беше 60% (6 процентни поени повисоко отколку во 2021 година). Ова претставуваше зголемување за прв пат по 5 години на ниво на ЕУ+.

Откако падна на многу ниско ниво за време на пандемијата на КОВИД-19 во 2020 и 2021 година, бројот на даблински трансфери што беа спроведени во 2022 година остана низок. Севкупно, во 2022 година беа преземени околу 15.000 трансфери, што беше за една седмина повеќе од 2021 година, но за две петтини помалку од бројот во 2019 година.

Член 17(1) од Регулативата Даблин III беше повикан околу 4.800 пати во 2022 година, што е зголемување за прв пат во 4 години, но сепак е значително под нивоата пред пандемијата. Членот 17(1) е дискрециона клаузула, која ѝ дозволува на земјата членка да испита барање за меѓународна заштита поднесено од државјанин на трета земја или лице без државјанство, дури и ако таквото испитување не е нејзина одговорност според критериумите кои се утврдени во регулативата.

## 4.3. Посебни постапки за проценка на потребите за заштита

За време на испитувањето на барањата за меѓународна заштита во прв степен, земјите членки, под одредени услови, може да користат специјални постапки – како што се забрзани постапки, гранични процедури или приоритетни постапки – придржувајќи се кон основните принципи и гаранции кои се утврдени во законодавството на ЕУ.

Во текот на 2022 година, националните судови се вклучија за да ги проценат законодавните одредби, како и практичното спроведување на посебните постапки. Остануваше загриженоста за употребата на граничните процедури и ризиците од забрзување врз основа на концептот на безбедна земја и последователните барања.

Севкупно, 76.000 последователни барања беа поднесени во истата ЕУ+ земја во 2022 година, што претставуваше намалување во споредба со 91.000 последователни барања во 2021 година. Односот на последователните барања со вкупниот број барања беше 1 од 12, што претставува забележителен пад во споредба со 2021 година (кога беше 1 од 7).

## 4.4. Обработка на барања за азил во прв степен

Зголемениот број на барања за меѓународна заштита, заедно со милионите раселени лица од Украина на кои им е потребна привремена заштита, вршеше зголемен притисок врз капацитетот за обработка во прв степен. ЕУ+ земјите на оваа потреба одговорија со усвојување мерки за зголемување на ефикасноста на целокупниот систем за азил и за забрзување на постапката за азил.

Беше иницирано регрутирање на нов персонал и реорганизација на органите за одредување, а беа создадени дополнителни територијални канцеларии со цел да се зголеми присуството и да се олесни пристапот до постапката за азил и надлежните органи. Некои ЕУ+ земји воведоа политики за приоретизирање и насоки за одредени профили, ги продолжија временските рокови за носење одлука во прв степен и ги скратија чекорите или испуштија одредени чекори во постапката кога исходот би бил поволен за барателот. За да ги подобрат и забрзаат процедурите, неколку земји развија нови општи насоки за оценување барања и усвоија нови политики за случаи поднесени од специфични профили и националности на баратели.

Во 2022 година, властите за азил во ЕУ+ земјите издадоа приближно 646.000 првостепени решенија, што беше за една петтина повеќе од 2021 година и најмногу од 2017 година. Во исто време, многу повеќе барања беа поднесени во 2022 година (за една половина), особено во втората половина од годината. До крајот на 2022 година, барањата ги надминаа првостепените одлуки за 345.000, што доведе до повеќе случаи во постапка во прв степен во повеќето ЕУ+ земји отколку една година претходно.

Три ЕУ+ земји издадоа речиси две третини од сите првостепени решенија во 2022 година: Германија (31%), Франција (20%) и Шпанија (13%). Потоа следуваат Италија (8%), Австрија (6%) и Грција (6%). Повеќето првостепени решенија во ЕУ+ земјите беа издадени на државјани на Сирија и Авганистан, притоа добивајќи 3 од 10 решенија *(видете Слика 2)*. Жителите на Турција (25.000), Бангладеш (21.000) и Грузија (19.000) добија најмногу решенија досега.

## Повеќе првостепени решенија издадени во 2022 година за речиси сите главни земји на потекло

**Слика 2. Првостепени решенија во ЕУ+ земјите според Главните 10 земји на потекло кои примаат решенија, 2022 година во споредба со 2021 година**




*Извор:* Евростат [migr_asydcfsta] заклучно со 13 април 2023 година.

Околу 140.000 барања беа повлечени во сите случаи во ЕУ+ земјите во 2022 година, што беше двојно повеќе од 2021 година и најмногу од 2016 година. Севкупно, соодносот на повлечени барања со вкупниот број поднесени барања се зголеми од околу 1 од 10 во претходните 4 години на 1 од 7 во 2022 година. Најмалку четири петтини од сите повлечени барања во 2022 година беа имплицитни. Можно е барателот на азил имплицитно да го повлече своето барање од една ЕУ+ земја за повторно да поднесе барање во друга, што укажува на секундарни движења кон други ЕУ+ земји. Во овој поглед, имаше шема на многу имплицитни повлекувања, а со тоа и секундарни движења, од земјите долж балканската рута и од земјите на надворешните граници на ЕУ.

## 4.5. Обработка на барања за азил во втор степен или повисока инстанца

Во 2022 година, случувањата на втор степен во некои ЕУ+ земји вклучуваа оценки или нови толкувања на правото за пристап до жалбена постапка, како на пример кој може да поднесе жалба и барањата со кои барателот мора да се усогласи за пристап до жалбената постапка. Обемот на жалби во случаите со меѓународна заштита подлежеше на дополнителни подобрувања, вклучително и барањето да се обезбеди *ex nunc* (за во иднина) испитување на фактите и на правните точки и на суспензивниот ефект на жалбите, за усогласување на домашните практики и законодавните одредби со релевантните одредби од преработената Директива за постапки за азил.

Судовите се вклучија за да ја проценат ефективноста на правните средства, додека времетраењето на жалбените постапки продолжи да биде аспект од особена загриженост, што доведе до предложени, усвоени или веќе спроведени законски измени со цел да се забрза жалбената постапка. Судовите разгледаа и кој надлежен орган треба да биде одговорен за жалба на решение по барање за азил.

## 4.6. Случаи за кои се очекува одлука

На крајот на 2022 година, речиси 899.000 барања за азил чекаа на одлука во ЕУ+ земјите, што е зголемување за речиси една петтина во споредба со една година претходно. Ова претставува најголем број случаи кои чекаат на одлука од април 2020 година, кога обработката на барањата беше прекината или строго ограничена за време на почетокот на пандемијата со КОВИД-19.

Додека бројот на случаи за кои се очекува одлука остана релативно стабилен до јули 2022 година, тој почна континуирано да расте потоа, во согласност со растечкиот број на барања за азил, додека одлуките во прв степен почнаа значително да заостануваат зад бројот на барања во последните два квартали од 2022 година отколку во првите два квартали. Оттука, бројот на нерешени предмети за кои се очекува одлука сè уште беше повисок за разлика од нивото пред кризата во 2014 година, што дополнително вршеше притисок врз националните системи за прифат.

Комбинацијата на податоците на Еуростат и системот за рано предупредување и подготвеност (РПП) на ААЕУ овозможува расчленување на случаите што се во постапка во прв степен и случаите што се во постапка на втор или повисок степен. Резултатите покажуваат дека вкупниот број на нерешени предмети се зголемил во прв степен, додека истиот продолжил да се намалува во повисоките инстанци.

## 4.7. Прифат на баратели на меѓународна заштита

Веројатно 2022 година беше година кога системите за прифат во ЕУ+ земјите ги тестираа своите граници, повикани да ги задоволат потребите не само на зголемениот број баратели на меѓународна заштита, туку и на милиони луѓе на кои им е потребна привремена заштита – и според тоа, имаат потреба од засолниште.

Главниот предизвик остана недостатокот на доволни места, иако земјите членки продолжија значително да инвестираат во зголемување на капацитетите за прифат. Некои земји ги надминаа сите претходни рекорди на капацитетите, но тоа сепак не беше доволно за да се понуди соодветно сместување за сите баратели. Предизвиците од повеќе аспекти понекогаш беа надополнети со несоодветни методи на финансирање и проблеми во соработката со општините. Само мал број ЕУ+ земји (на пример, транзитни земји од каде што барателите често се преселуваа кон друга ЕУ+ земја) не пријавија проблеми со капацитетот.

Земјите членки истражуваа различни начини да одговорат на зголемените потреби. Некои дојдоа до нови засегнати страни со цел да го зајакнат системот на прифат, на пример, преку поблиско вклучување на граѓански организации, општински чинители, управување со катастрофи или приватни чинители. Во рамките на своите оперативни планови, ААЕУ им помогна на 10 земји во подобрувањето на нивните системи за прифат.

Условите за прифат се влошија во пренаселените центри и доведоа до супстандардни услови во некои ЕУ+ земји, како што е опсежно документирано од граѓанските организации. Судовите се вклучија за да ги повторат обврските на земјите членки за ефективно обезбедување услови за прифат. Бидејќи фокусот остана на непосредните потреби, како што се наоѓање доволно места за прифат и обезбедување соодветни услови за живеење, се чинеше дека се спроведени помалку иницијативи за да се олесни пристапот на барателите до вработување, ориентацијата во новото општество или пристапот до образование и здравствена заштита.

## 4.8. Аспекти на притвор кои вклучуваат баратели и поранешни баратели

Во 2022 година, покрај УНХЦР и граѓанските организации, недостатоците во практиките и условите за притвор, беа испитувани и од меѓународни, европски и национални организации за мониторинг и судски организации, како што се Комитетот на ОН против тортура (ОН КПТ), СПЕУ, Комитетот на Советот на Европа за спречување на тортура (КСТ), националните народни правобранители, Европскиот суд за човекови права и националните судови. Судските одлуки понекогаш поттикнуваа процеси за усогласување на националните политики и практики со релевантното европско законодавство.

Капацитетот за притвор во ЕУ+ земјите продолжи да се прилагодува врз основа на оперативните потреби, главно за отворање или планирање на изградба на нови установи за притвор. Прибегнувањето кон притвор беше една од примарните загрижености што ја покренаа граѓанските организации. Во голем број земји, беше изразена загриженост за практиката на задржување на барателите на граница, де факто

притвор додека новодојдените државјани на трети земји чекаа да поднесат барање, условите во притворот и попречениот пристап до правата, како на пример, пристап до информации и правна помош.

## 4.9. Пристап до информации

Во 2022 година, ЕУ+ земјите продолжија да го подобруваат обезбедувањето информации на барателите на азил преку дигитални иновации и подобрувања, како што се нови платформи и веб страници. Покрај државните органи, граѓанските организации продолжија да имаат подеднакво интегрална улога во олеснувањето на пристапот до информации. И државните органи и граѓанските организации сѐ повеќе вложуваа напори да обезбедат барателите и корисниците на меѓународна заштита да имаат пристап до информации на јазик што го разбираат. Како таква, содржината беше преведена на неколку јазици, со посебен фокус на достапност на информациите на украински и руски јазик.

Специфични групи на баратели може да бараат приспособени информации за нивната состојба и околности. Масовното пристигнување на раселени лица од Украина создаде нов информативен пејзаж; ЕУ+ земјите доделија значителни ресурси за развој на информативни платформи и материјали кои редовно се ажурираа за да обезбедат најсовремени и точни информации во средина која брзо се менува. Во овој процес, државните органи беа поддржани од, на пример, иницијативи од ААЕУ (Кој е кој во привремената заштита) и УНХЦР (Страници за помош). Исто така беа развиени нови информации за руски државјани кои бараат заштита.

## 4.10. Правна помош и застапување

Во 2022 година, некои ЕУ+ земји продолжија со напорите за подобрување на пристапот и квалитетот на правната помош во сите фази од постапката за азил. Тие започнаа нови иницијативи и проекти, на пример, склучување договори за специјализирани адвокати кои работат на прашањата за азил и нудат дополнителна поддршка на баратели со посебни потреби. Професионално усовршување и нови алатки беа ставени на располагање на правниците, со севкупна цел да се подобри квалитетот на услугите. Беа забележани и значителни напори во обезбедувањето услуги за правна помош во текот на постапката за азил преку дигитализација и меѓусебно поврзување помеѓу порталите на органот за одредување и судските платформи.

Сепак, како што беше објавено во претходните години, спроведувањето на релевантните одредби од преработената Директива за постапките за азил остана загрижувачко прашање на границата, во установите за притвор и во жалбената постапка поради недоволни информации и пристап до правна помош и застапување. Во некои случаи, кратките временски ограничувања во граничната постапка, во посебните постапки или Даблинската постапка резултираа со ограничена, неквалитетна или непостоечка правна помош.

Како одговор на руската инвазија, државните органи, меѓународните и граѓанските организации, мобилизираа ресурси со цел да обезбедат непосредна поддршка на раселените лица од Украина, вклучително правни информации и помош со активно вклучување на националните адвокатски здруженија.

## 4.11. Услуги за толкување

Во 2022 година, земјите од ЕУ+ воведоа неколку иницијативи за подобрување на услугите за толкување во постапката за азил, особено во контекст на обезбедување соодветни услуги за преживеаните на трговија со луѓе, помош на лица со посебни потреби и во обезбедувањето здравствени услуги. Продолжија напорите за подобрување на квалитетот на услугите за толкување преку обука, насоки, квалитетни алатки и материјали за поддршка за толкувачите. Забележан е растечки тренд во ангажирањето на корисници на заштита како толкувачи во контекст на азил; имајќи директно искуство од самиот процес, таквите толкувачи можеа да понудат соодветна поддршка на новите баратели.

Со цел да се реши доаѓањето на раселените лица од Украина, неколку ЕУ+ земји го зголемија бројот на толкувачи на украински и руски јазик и изработија повеќе информативни материјали на тие јазици. Овие напори предизвикаа одредени критики од страна на граѓанските организации, кои објавија двостепен систем за обезбедување помош на луѓето кои бегаат од Украина, кои добија брза поддршка во областа на толкувањето и барателите на азил од други земји. Граѓанските организации изразија загриженост за јазичните и културните бариери на границите поради недостигот на услуги за толкување и лошиот превод на информациите, поради што мигрантите не можеа јасно да ги разберат нивните права и обврски.

## 4.12. Информации за земјата на потекло

Клучните случувања во добивањето информации за земјата на потекло (ИЗП) во 2022 година се фокусираа на подобрување на методологиите, инвестирање во нови технологии и истражувачи, подобрување на соработката со други истражувачи со седиште во Европа (на пример во националните единици за ИЗП и граѓанските организации кои работат во земјата на потекло) и брзо добивање на информации за справување со новите кризни состојби. Добивањето на ИЗП продолжи да се фокусира на најчестите земји на потекло на барателите на азил во Европа, имено Авганистан, Колумбија, Сирија, Турција и Венецуела. Секако, добивањето на ИЗП во 2022 година се фокусираше и на состојбата во Украина и Русија.

Предизвикот што се чинеше дека опстојува, како што е нагласено од граѓанските организации, се однесува на недостатокот на пристапност и леснотија на користење на базите на податоци за ИЗП и недостатокот на повеќејазични информации, бидејќи материјалот за ИЗП е претежно достапен на англиски јазик. Дополнително, се чини дека постои нерамнотежа помеѓу земјите на потекло за кои се достапни голем број извештаи за ИЗП и земјите за кои нема или има ограничени информации, како и недостаток на податоци за интерполовите баратели и состојбата во нивните земји на потекло.

## 4.13. Бездржавјанство во контекст на азил

Во контекст на азил, бездржавноста може да влијае на процесот на одредување на барањето за заштита, како и на заштитните процедури за барателот. Во 2022 година, ЕУ+ земјите направија промени во законодавството и политиките за справување со бездржавност, вклучително и воспоставување посебни процедури за утврдување на бездржавјанство, олеснување на пристапот до натурализација и ажурирање на упатствата за обработка на барањата од лица без државјанство.

Сепак, се чинеше дека постојат одредени предизвици, вклучувајќи го и отсуството на процес за утврдување на бездржавјанството во некои ЕУ+ земји и недостатокот на свест и експертиза за прашања поврзани со бездржавјанство во контекст на азил. Ова може да создаде несигурност на барателите за процесот и нивните права и обврски и може да доведе до несоодветна идентификација и регистрација.

## 4.14. Содржина на заштита

Содржината на заштитата се однесува на правата кои ги имаат корисниците на форма на заштита во земјата на азил, како и на поврзаните обврски. Заштитата се доделува кога барателите добиваат позитивна одлука со која се доделува статус на бегалец или супсидијарна заштита (исто така наречени статуси усогласени со ЕУ). Стапката на признавање се однесува на бројот на позитивни резултати како процент од вкупниот број на одлуки (решенија) во врска со барања за меѓународна заштита. Додека националните форми на заштита им даваат статус на заштита на државјани на трети земји, тие статуси - кои не се усогласени низ ЕУ+ земјите - не се вклучени во пресметката на стапката на признавање.

Во 2022 година, вкупната стапка на признавање на ЕУ+ за првостепените одлуки за барањата за азил беше 39%. Ова значи дека од 646.000 издадени решенија, 252.000 биле позитивни, со што на барателот му се доделува или статус на бегалец или дополнителна заштита. Стапката на признавање се зголеми за 5 процентни поени во споредба со 2021 година и беше највисока од 2017 година. Со повеќето позитивни одлуки во прв степен беше доделен статус на бегалец (149.000 или 59% од сите позитивни одлуки) и субсидијарна заштита беше доделена во останатите 103.000 случаи (41%).

Надвор од статусите регулирани од ЕУ, доколку во пресметката се вклучени овластувањата за престој од хуманитарни причини, вкупната стапка на признавање на ЕУ+ за одлуки во прв степен во 2022 година би била 50%.

Меѓу 20-те националности кои добија најмногу првостепени одлуки во 2022 година, Сиријците имаа највисока стапка на признавање од 93%. По нив следат Украинците (86%) и Еритрејците (84%). Други групи со релативно високи стапки на признавање вклучуваа државјани на Мали (65%), Сомалија (57%) и Авганистан (51%) *(видете Слика 3).*

## Сиријците, Украинците и Еритрејците имаа највисоки стапки на признавање во 2022 година

**Слика 3. Првостепени стапки на признавање за Главните 20 националности со најмногу решенија издадени во ЕУ+ земјите, по националност и доделен статус, 2022 година**




**Забелешка:** Следниве 20 националности добија најголем број решенија (одлуки) во прв степен во 2022 година во ЕУ+ земјите. Тие се подредени (од левата кон десната страна) во однос на бројот на примени одлуки.
*Извор:* Евростат [migr_asydcfsta] заклучно со 13 април 2023 година.

Опсегот и квалитетот на правата и услугите што ги добиваат корисниците на заштита ги оформуваат изгледите за нивно ефективно интегрирање во новите општества. Во 2022 година, политиките за интеграција беа примарно насочени кон лицата на кои им беше потребна привремена заштита од Украина, вклучително и олеснување на нивната социјална ориентација, пристап до образование, вработување и здравствена заштита, како и обезбедување социјална помош.

Трендот кој е забележан во претходните години за вклучување на голем број засегнати страни и подобрување на соработката за интеграција на корисниците на меѓународна заштита продолжи и во 2022 година, а итната, голема потреба да се обезбеди поддршка за интеграција на лицата на кои им е потребна привремена заштита дополнително го катализираше овој процес на соработка со повеќе засегнати страни. Така, ЕУ+ земјите спроведоа одредени нови, иновативни начини на заедничка работа за интеграција на лицата на кои им е потребна заштита.

За поддршка на креирањето политики засновани на докази, различни засегнати страни, вклучувајќи ги државните органи, академската заедница, тинк-тенковите и граѓанските организации, продолжија да ги оценуваат компонентите на програмите за интеграција

во текот на 2022 година. Научените лекции преку напорите за интегрирање на корисниците на привремена заштита можат да обезбедат дополнителен увид за влијанието на различните пристапи кон интеграцијата во иднина. Паралелно, некои ЕУ+ земји продолжија со иницијативи кои им нудеа право на престој на поранешните баратели кои не можеа да бидат вратени и кои достигнаа одредено ниво на интеграција.

Зголемувањето на барањата за азил во 2022 година често влијаеше и предизвикуваше доцнење во доставувањето на документи за престој и патување на корисниците на меѓународна заштита, што ги изложуваше на ризик од одложување на нивниот пристап до други услуги и права. Како што беше забележано во претходните години, судовите задржаа важна улога во обликувањето на толкувањето на основите и процедурите за преиспитување или повлекување на меѓународната заштита, додека судските власти, исто така, ги испитуваа националните политики и практики во областа на обединување на семејството.

## 4.15. Раселување и хуманитарни прифати

По намалувањето на динамиката на преселување/ миграција за време на COVID-19 пандемијата, земјите започнаа постепено да ги реактивираат програмите во 2021 и 2022 година. Во овој контекст, ЕУ+ земјите продолжија со напорите да ги исполнат своите обврски. Ова изискуваше прилагодување на приоритетите и програмите на новите предизвици во текот на годината, како што е континуираната криза во Авганистан и масовното пристигнување на раселени лица од Украина. Акутниот притисок врз националните системи за прифат доведе до одложување на спроведувањето на ветувањата за раселување од страна на многу ЕУ+ земји.

Севкупно, улогата на граѓанските организации, приватните компании и групите во заедницата беше засилена преку нови договори бидејќи тие имаат важна улога во прифатот на раселените бегалци и во процесот на селекција и упатување. Со цел да се измери влијанието на програмите за раселување, ЕУ+ земјите и граѓанските организации направија проценки за да ги идентификуваат научените лекции и добрите практики.

Во областа на хуманитарните прифати, напорите претежно се фокусираа на пристигнувањето на ризичните авганистански државјани. Повторно, беа спроведени соодветни иницијативи во соработка со граѓанските организации.

# 5. Деца и лица со посебни потреби во постапката за азил



Бидејќи во 2022 година лицата на кои им е потребна привремена заштита беа главно жени и деца, ЕУ+ земјите требаше да ги приспособат услугите за поддршка кои генерално беа насочени кон барателите на меѓународна заштита кои се претежно мажи. Жените и децата кои бегаат од Украина се изложени на зголемен ризик да бидат тргувани, така што голем број ЕУ+ земји спроведоа кампањи за подигање на свеста и спречување на трговијата со луѓе. Тие, исто така, вложија дополнителни напори за подобро идентификување на жртвите и нудење брза и соодветна поддршка.

И покрај напорите на ЕУ+ земјите да ја подобрат раната идентификација, упатувањето и следењето, идентификацијата на лицата со посебни потреби и обезбедувањето навремено сместување и поддршка за најранливите станаа уште поголем предизвик во однос на заситените системи за прифат. Дополнително, неколку земји членки и граѓански организации забележаа дека барателите на меѓународна заштита пристигнале во ЕУ во полоша здравствена состојба отколку во претходните години.

Судовите честопати одлучуваа за голем број прашања поврзани со баратели со попреченост и посебни здравствени потреби, за прашања поврзани со ефикасна заштита на жени и девојчиња и за случаи кои вклучуваат тврдења за сексуална ориентација и родов идентитет (СОРИ).

Во 2022 година, 42.000 барања за азил беа поднесени од малолетници без придружба во ЕУ+ земјите, најмногу до сега од 2016 година. Ова претставува зголемување од три петтини во однос на претходната година, со што малку го надминува растот на вкупните барања (+53%). Само две државјанства заедно сочинуваа две третини од барањата на малолетници без придружба: речиси една половина беа поднесени од Авганистанци (20.000) и Сиријци (10.000).

Повеќе од една половина од сите барања за меѓународна заштита од страна на малолетници без придружба биле поднесени во Австрија (13.000 или 31%), Германија (7.300, 17%) и Холандија (4.200, 10%). Во Австрија и во Холандија, како и во Бугарија (3.400), Франција (1.000) и Кипар (900), бројките за 2022 година беа највисоки досега *(видете Слика 4)*.

Статус на бегалец или супсидијарна заштита им беше доделен на речиси сите сириски малолетници без придружба (96%). Спротивно на тоа, мал удел на позитивни решенија им беа издадени на малолетници од Бангладеш (6%).

Беа повлечени околу 18.000 барања од малолетници без придружба во 20 ЕУ+ земји кои пријавија податоци. Слично на повлечените барања од возрасни баратели, ова беше околу двојно повеќе отколку во 2021 година. Всушност, растот на повлечените барања го надмина растот на барањата поднесени од малолетници без придружба. Барањата беа претежно повлечени од една одредена група: 95% биле машки баратели на возраст од 14-17 години. Речиси сите повлекувања беа имплицитни, што укажува на тоа дека малолетниците без придружба не го известиле органот за нивната намера да

го повлечат барањето. Можно е таквите повлекувања да укажуваат на секундарни движења кон други ЕУ+ земји.

## Рекордно висок број на малолетници без придружба аплицираат во Австрија, Бугарија, Кипар, Франција и Холандија

**Слика 4. Главни 10 ЕУ+ земји кои примаат барања од малолетници без придружба, 2022 година**




**Забелешка**: Податоците за Исланд недостасуваа.
*Извор:* Евростат [migr_asyunaa] заклучно со 13 април 2023 година.

Зголемувањето на бројот на деца без придружба во споредба со 2021 година изврши дополнителен притисок врз релевантните процеси, како што се назначување старател и проценка на возраста на самопрогласените малолетници. Воедно, зголемувањето имаше влијание и врз временските ограничувања за обработка на барањата и обезбедувањето соодветни материјални услови за прифат и поддршка на малолетниците без придружба.

# Завршни белешки

Во 2022 година, ЕУ+ земјите добија рекорден број лица на кои им е потребна заштита, за што сведочи нагло зголемениот број баратели на азил и над 4 милиони раселени лица од Украина кои бараа привремена заштита. Додека комбинираната бројка од 5 милиони лица кои пристигнаа во ЕУ изврши значителен притисок врз националните администрации, решенијата на европско и национално ниво беа создадени за да се одговори на потребите на лицата кои бараат заштита.

Европскиот одговор на потребите на милиони раселени лица од Украина беше конструктивен и ориентиран кон заштита, а истиот може да послужи како политички и оперативен план за иднината. Голем број фактори го катализираа овој успех, вклучително и претходно постоечкото законодавство кое беше прилагодени за конкретно да одговори на оваа потреба, како и политичката волја да се активира ова законодавство и брзо да се формираат соодветните структури за поддршка. Поважно е дека соработката меѓу повеќе и различни засегнати страни врз основа на повеќеслојна солидарност одигра голема улога во дизајнирањето и испораката на решенијата: солидарност кон лицата на кои им е потребна заштита; солидарност низ земјите на ЕУ; и солидарност меѓу различните чинители кои успеаја да мобилизираат ресурси и да зачекорат во иста насока. Институциите и агенциите на ЕУ, националните и локалните власти, меѓународните и граѓанските организации, како и приватните граѓани и заедниците, се собраа и вкрстено ја развија и збогатија нивната соодветна експертиза во обезбедувањето ефективни решенија.

За да се унапреди оптимизацијата на системите за азил на ЕУ во 2022 година, француското и чешкото претседателство на Советот на ЕУ се залагаа за постепен пристап, успеаја да го катализираат напредокот во преговорите за Пактот за миграција и азил и дополнително ја поттикнаа практичната соработка меѓу земјите членки. Оваа работа кулминираше со усвојувањето на преговарачките мандати за регулативите за скрининг и Евродак, со политичкиот договор меѓу ко-законодавците за заеднички план за преговори за пакетот реформи и со договорот за Механизмот за доброволна солидарност. Ваквата зголемена посветеност, заснована на рамномерно изразување на солидарност и одговорност, може да има позитивно кумулативно влијание, дополнително обезбедувајќи информации за креирањето политики и на крајот олеснувајќи го усвојувањето на пактот во наредните години.

Наспроти основата на таквиот напредок во реформата на Заедничкиот европски систем за азил, ЕУ и нејзините земји членки се стремат да постигнат двоен интегритет, односно интегритет во постапката за азил и интегритет во управувањето со границите. Навистина, во текот на изминатите години, акцент беше ставен на ефективниот пристап, кој беше претставен како основен елемент на методот за подобрување на пактот. Наведената цел на ревизијата на Шенгенскиот систем е да се зајакне отпорноста на сериозни закани, како што е инструментализацијата на мигрантите, преку интегрирано гранично управување. Во исто време, ефективното управување подразбира интегритет во прифатот на лицата на кои им е потребна заштита со целосно почитување на основните права и обработка на барањата на правичен и достоинствен начин.

Додека се модернизира граничното управување, од суштинско значење е да се обезбеди непречен пристап до заштита за оние на кои им е потребна. Додека се започнати клучните чекори во оваа насока, како што се дискусијата - и придружните насоки - за воспоставување независни национални механизми за следење на почитувањето на човековите права на надворешните граници, алармантните извештаи на меѓународните и граѓанските организации предизвикуваат загриженост за практиките што го попречуваат ефективниот пристап до заштита.

За да се обезбеди правилно толкување на ЗЕСА, Судот на правдата на ЕУ (СПЕУ), како и судските институции на национално ниво продолжија со детално испитување на националното законодавство, политиките и практиките за голем број области поврзани со ЗЕСА во 2022 година. Посебен акцент беше ставен на примена на принципот на *невраќање* и ефективен пристап до територија и постапката за азил. За да се заштити интегритетот на ЗЕСА, од огромно значење е државните органи да ги спроведат одлуките донесени од судовите за таа цел.

Во брзото менување на пејзажот за азил, кој изискува соработка меѓу повеќе засегнати страни во дизајнирањето и спроведувањето на решенијата за заштита, ААЕУ се разви во клучна компонента на европската архитектура за азил. Опремена со својот зајакнат мандат, Агенцијата ќе продолжи да го поддржува спроведувањето на ЗЕСА низ Европа. Во врска со техничката и оперативната поддршка и поддршката за обука која ја обезбедува Агенцијата, новата позиција на независниот Службеник за основни права ќе ја катализира работата за да се осигура дека правата на барателите на азил секогаш се заштитени. Преку својот механизам за следење, Агенцијата ќе работи уште поблиску со земјите членки во наредните години за да ја следи оперативната и техничката примена на законските обврски на ЕУ и да им помогне на земјите членки во идентификувањето на можните ограничувања во системите за азил и прифат, што на крајот придонесува за похармонизиран систем за азил на ЕУ.

# Извештај за азил 2023 година: Извршно резиме

Како главен извор на информации за меѓународната заштита во Европа, *Извештајот за азил 2023* дава сеопфатен преглед на клучните случувања во однос на азилот во 2022 година. Извршното резиме претставува скратена верзија на главниот извештај.

Агенцијата за азил на Европската унија (ААЕУ) прибира информации од сите аспекти на Заедничкиот европски систем за азил. За таа цел, извештајот ги наведува промените во политиките, практиките и законодавството. Истиот ги прикажува трендовите во однос на азилот, клучните индикатори за референтната 2022 година, прегледот на даблинскиот систем кој ја одредува земјата членка која е одговорна за одреден случај и посебен дел за барателите со посебни потреби, вклучително и малолетниците без придружба. Наведени се примери на судска пракса за толкување на европските и националните закони во контекст на *законодавството* на ЕУ за азил.

*Извештајот за азил 2023* се потпира на информации од широк опсег на извори - вклучително перспективи од државните органи, институциите на ЕУ, меѓународни организации, граѓански организации и академската заедница - за да прикаже целосна слика и различни перспективи. Извештајот, кој го опфаќа периодот од 1 јануари до 31 декември 2022 година, служи како референца за најновите случувања на полето на меѓународна заштита во Европа.

BZ-AH-23-001-MK-N

Publications Office of the European Union

EUROPEAN UNION AGENCY FOR ASYLUM